# Билтен на месечни активности
# за месец април 2026

мај, 2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 3

Испит за административно управување ..... 4

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 5

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 6

Јавни набавки ..... 6

Реализација на буџет ..... 8

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец април 2026 година примени се 79 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се / барања, објавени се 68 огласи, за вкупно 95 работни места за вкупно 103 извршители. За институциите од централната власт објавени се 43 огласи за 69 работни места со 77 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 25 јавни огласи за 26 работни места со 26 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">79</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">68</td><td rowspan="2">68</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>43</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>25</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>95</td><td rowspan="3"></td><td>5</td><td>47</td><td>17</td><td>69</td><td rowspan="3"></td><td>7</td><td>10</td><td>9</td><td>26</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>103</td><td>5</td><td>54</td><td>18</td><td>77</td><td>7</td><td>10</td><td>9</td><td>26</td></tr>
<tr><td colspan="3">Број на пријавени кандидати</td><td>1760</td><td>75</td><td>1007</td><td>307</td><td>1389</td><td>59</td><td>184</td><td>128</td><td>371</td></tr>
<tr><td colspan="3">Завршиле со објавување на Одлука за избор</td><td>31</td><td>13</td><td>9</td><td>13</td><td>3</td><td>25</td><td>18</td><td>5</td><td>19</td><td>5</td><td>29</td></tr>
</table>

*Табела 1. Јавни огласи април 2026*

Во истиот период во месец април 2026 година спроведени се 52 административни селекции за пријавени 1443 кандидати, спроведени се 38 испити на кои што се поканети 339 кандидати, од кои полагале 135 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 34 огласи за 187 кандидати. Интервју е спроведено на 34 огласи со вкупно 78 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 34 огласи и предлог за избор на 73 кандидати, а од 31 спроведени огласи објавени се вкупно 54 одлуки за избор на кандидати за вработување.

<table>
<tr><th colspan="2">Административни селекции</th><th colspan="3">Спроведени Испити</th><th colspan="2">Спроведени проверки на веродостојност на докази</th><th colspan="2">Интервјуа</th><th colspan="2">Конечни ранг листи</th><th colspan="2">Примени и објавени Одлуки за избор</th></tr>
<tr><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td colspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td></tr>
<tr><td>поканети</td><td>полагале</td></tr>
<tr><td>52</td><td>1443</td><td>38</td><td>339</td><td>135</td><td>34</td><td>187</td><td>34</td><td>78</td><td>34</td><td>73</td><td>31</td><td>54</td></tr>
</table>

*Табела 2. Спроведени активности по оглас април 2026*

Во Агенцијата за администрација во месец април 2026 година примени се 16 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 16 огласи, за вкупно 23 работни места за 23 извршители, запрено е / барање за објавување на интерен оглас. За институциите од централната власт објавени се 6 интерни огласи, за 7 работни места со 7 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 10 интерни огласи за 16 работни места со 16 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">16</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">16</td><td rowspan="2">16</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>6</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>10</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>23</td><td rowspan="2"></td><td>4</td><td>3</td><td>/</td><td>7</td><td rowspan="2"></td><td>4</td><td>10</td><td>2</td><td>16</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>23</td><td>4</td><td>3</td><td>/</td><td>7</td><td>4</td><td>10</td><td>2</td><td>16</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи април 2026*

## Испит за административно управување

Во текот на месец април 2026 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 61 кандидат. Од нив на испитот присутни се 34 кандидати, од кои испитот го положиле 21 кандидат ( 0,61%), а не го положиле 13 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 48 се вработени во јавен сектор, 4 во приватен сектор и 9 кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 61 | 34 | 21 | 13 | 48 | 4 | 9 |

*Табела 4. Административно управување април 2026*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец април 2026 година беа поднесени 87 жалби и приговори на административните службеници, од кои 31 жалба и приговори на државните службеници и 56 жалби на јавните службеници.

Во април во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 7 седници, на кои беше одлучено по 82 жалби и приговори, од кои 45 жалби и приговори на државни службеници и 37 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 62 предмети од април преминуваат во мај 2026година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 45);

Одбиени се 11, уважени се 19, отфрлени се 7, мериторно одбиена се 5, мериторно уважени се 2 и 1 е повлечена од подносител;

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на јавните службеници (вкупно 37):

Одбиени се 13, уважени се 5 и отфрлени се 19;

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени преуранет и нецелосни или ненадлеж ни | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 31 | 56 | 45 | 37 | 19 | 5 | 11 | 13 | 7 | 19 | / | / | 1 | / | 2 | / | 5 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби април* 2026

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец април 2026 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 36 предмети од кои 4 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 32 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, адвокати и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат (2); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (7); Народен правобранител на Република Северна Македонија (1); Министерство за финансии (3); Управен суд (4); Државен управен инспекторат (2); ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип (1);

Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево (1); Општина Струга (2); ООУ „11 Октомври“ Куманово (1); Граѓани (6); Адвокат (2).

## Обуки/работни средби/настани/конференции

Во текот на месец април 2026 година, вработените во Агенцијата за администрација присуствуваа на следниве (обуки, настани и конференции)

- Обука на тема: „Управување со ризици“, реализирана на 08.04.2026 година од страна на Министерството за финансии;
- Учество на Петтата седница на Секретаријатот за јавна администрација на 22.04.2026 година на покана од Министерството за јавна администрација;
- Семинар на тема: „Привлекување на кадар во јавната администрација – Атрактивност, задржување на кадар и постапка за вработување”, реализиран on-line на 23.04.2026 година на покана од Министерството за јавна администрација во соработка со Центарот за управување со промени и со поддршка од Француската амбасада и Директоратот за јавна администрација на Франција (DGAFP) и
- Работилница на тема: „Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор“, реализирана на 27 и 28.04.2026 година во Велес, на покана од Министерството за јавна администрација.

## Јавни набавки

Сектор за стручно-административни работи и јавни набавки, за месец април 2026 година

1. Број на пристигнати е-маил пораки во форма на прашања на службената контакт е-маил адреса на Агенцијата за администрација /;
2. Број на донесени одлуки за јавни набавки; /
3. Број на објавени огласи за јавни набавки на ЕСЈН; 3
4. Број на започнати постапки со преговарање без претходно објавување на оглас, согласно член 55 став (1) точка в, алинеја 3 од ЗЈН; /.
5. Број на донесени одлуки за избор на најповолен понудувач;3
6. Број на склучени договори за јавни набавки со вкупна вредност; 2
   187.000,00 без ДДВ или 220.660,00 со вклучен ДДВ

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| / | 3 | 3 | 2 |

*Табела:јавни набавки април 2026*

## Реализација на буџетот

Во месец април 2026 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела;

| Ставка | Буџет 2026 година | Реализација на буџетот до 30.04.2026 | Реализација на буџетот од 01.04.2026 - 30.04.2026 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2026 |
|---|---|---|---|---|
| ***401–основни плати*** | 27.922.000 | 8.215.308 | 2.082.448 | 19.706.692 |
| ***402-придонеси за социјално осигурување*** | 10.327.000 | 3.193.172 | 808.151 | 7.133.828 |
| ***404-Надоместоци*** | 705.000 | 0 | 0 | 705.000 |
| ***420-патни и дневни расходи*** | 50.000 | 10.473 | 4.000 | 39.527 |
| ***421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*** | 2.900.000 | 991.852 | 177.919 | 1.908.148 |
| ***423-материјали и ситен инвентар*** | 400.000 | 91.538 | 72.990 | 308.462 |
| ***424-поправки и тековно одржување*** | 1.290.000 | 357.880 | 133.694 | 932.120 |
| ***425-договорни услуги*** | 1.093.000 | 461.344 | 171.191 | 631.656 |
| ***426-други тековнирасходи*** | 128.000 | 30.567 | 1.270 | 97.433 |
| ***464-разни трансфери*** | 90.000 | 0 | 0 | 90.000 |
| ***480-купување на опрема и машини*** | 325.000 | 196.942 | 0 | 128.058 |
| ***485-вложување и нефинансиски средства*** | 860.000 | 832.275 | 33.809 | 27.725 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***41448-Капотални резерви-купување на опрема и машини*** | 5.400 | 0 | 0 | 5.400 |
| ***425-договорни услуги*** | 645.800 | 0 | 0 | 645.800 |
| ***426-други тековни расходи*** | 95.200 | 0 | 0 | 95.200 |
| ***480-купување на опрема и машини*** | 30.600 | 0 | 0 | 30.600 |
| ***485-вложувања и нефинансиски средства*** | 464.000 | 0 | 0 | 464.000 |
| ВКУПНО 630 | **47.331.000** | **14.381.351** | **3.485.472** | **32.949.649** |
| ***426-други тековни расходи*** | 60.000 | 0 | 0 | 60.000 |
| ВКУПНО 787 | **60.000** | **0** | **0** | **60.000** |

*Табела. Реализацијата на буџетот на Агенцијата за администрација април 2026*